ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОЛИТИКИ
ЈАВНОТО ЗДРАВЈЕ И ФИСКАЛНА СТАБИЛНОСТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# МОДЕЛИРАЊЕ НА ДАНОЧНИТЕ ПОЛИТИКИ ЗА ТУТУН

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОЛИТИКИ

# ЈАВНОТО ЗДРАВЈЕ И ФИСКАЛНА СТАБИЛНОСТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:

## *МОДЕЛИРАЊЕ НА ДАНОЧНИТЕ ПОЛИТИКИ ЗА ТУТУН*

- Според сценариото за забрзана акциза, вкупниот приход од акцизите се очекува да се зголеми од 244.729.628 милиони евра во 2024 година на 304.306.236 милиони евра во 2026 година, со годишен раст од 11,56% од 2024 до 2025 и 11,46% од 2025 до 2026 година.
- Зголемувањето на акцизата носи значителни здравствени придобивки – помалку луѓе почнуваат да пушат, а повеќе пушачи се откажуваат или ја намалуваат потрошувачката, што доведува до намалување на смртноста поврзана со пушењето.
- Стратешката употреба на акцизите има двојна цел: намалување на потрошувачката на тутун (подобрување на јавното здравје) и зголемување на владините приходи, кои можат да се реинвестираат во здравствени и социјални програми.

### ***Општи факти***

Стапките на пушење во Северна Македонија се критично високи, со 48,4 проценти преваленца на пушење меѓу возрасните во 2019 година, што значително го надминува просекот на Југоисточна Европа од 37,6 проценти, просекот на Европската Унија од 18,4 проценти и глобалниот просек од 17 проценти. Покрај тоа, речиси 81,4 проценти од моменталните секојдневни пушачи започнале со пушење пред 25-годишна возраст, а 44,4 проценти од пушачите пушат повеќе од 20 цигари дневно. Овие загрижувачки статистики укажуваат на итна потреба од ефективни стратегии и интервенции за контрола на тутунот, со цел да се намали влијанието на пушењето во С. Македонија.

Во 2024 година, цените на цигарите во С. Македонија беа значително ниски, со цена од 1,92 до 2,88 евра по кутија, додека просечната месечна нето-плата беше 629,1 евра (февруари 2024 година). Северна Македонија ги има најевтините цигари во регионот, бидејќи за купување на 100 кутии од најпродаваниот бренд се потребни само 0,03 проценти од просечниот БДП по глава на жител, што укажува на високата достапност. Сегашната

(специфична) акциза е 56 евра за 1.000 цигари, што е многу под задолжителниот минимум на Европската унија (ЕУ) од 90 евра за 1.000 цигари. Згора на тоа, во 2023 година, акцизата сочинуваше 65,6% од цената на цигарите, додека препораката на Светската здравствена организација е минимум 70% од малопродажната цена да отпаѓа на акциза. Овие статистички податоци покажуваат дека има простор за подобрување на даночната политика за тутунот во Северна Македонија.

И покрај сегашното ниво на оданочување, цените на цигарите остануваат релативно ниски. Ова го потврдува и неодамна објавениот Tobacconomics Cigarette Tax Scorecar[1] кој укажува на загрижувачката бавност со која цигарите стануваат помалку достапни. Овој недостаток во намалувањето на достапноста претставува двоен предизвик: го обесхрабрува откажувањето од пушење кај постоечките пушачи и ги поттикнува младите да започнат со пушење.

Оданочувањето на тутунот е ефикасен начин за намалување на стапката на пушење и за зајакнување на јавното здравје[2]. Со правење на тутунот помалку достапен, се намалува потрошувачката, а доказите покажуваат дека зголемување на цената од 10 проценти може да ја намали потрошувачката за четири до осум проценти, особено кај младите и кај оние од пониските социо-економски групи. Дополнително, повисоките акцизи генерираат значителен владин приход кој може да се насочи кон поддршка на контролата на тутунот и други иницијативи за јавно здравје.

Овој извештај за политики се заснова на сеопфатна студија која ги испитува ефектите од потенцијалните зголемувања на даноците за тутун врз потрошувачката, цените, владините приходи и резултатите од јавното здравје. Анализата на овие ефекти има за цел да обезбеди докази за креаторите на политики во формулирањето на ефективни даночни стратегии за тутунот.

1. Drope, J., Oo, S., Lee, H., Dorokhina, M, Guerrero-López, C., Rodriguez-Iglesias, G., Mugosa, A., Mirza, M., Bontu, A., & Chaloupka, F. (2024). Tobacconomics cigarette tax scorecard (3rd ed.). Baltimore, MD: Bloomberg School of Public Health, Johns Hopkins University. www.tobacconomics.org
2. Спасова Мијовиќ, Тамара, Бојана Христовска Мијовиќ, Билјана Ташевска и Марија Трпкова Несторовска. (2023). Моделирање на данокот за тутун: Докази од Северна Македонија. Tobacconomics Working Paper No. 23/10/1, Tobacconomics

# *МОДЕЛИРАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ТУТУН: ФИСКАЛНИ И ЗДРАВСТВЕНИ ИМПЛИКАЦИИ*

Овој извештај за политики ги презентира очекуваните ефекти од значителното зголемување на специфичната акциза на тутунот во периодот 2024-2026 година, со цел да се максимизираат здравствените и фискалните придобивки, преку забрзана стратегија за акциза, која предвидува годишно зголемување на специфичната акциза од 16 проценти. Прогнозите се базирани на моделот за симулација на данокот на тутун на Светската здравствена организација (WHO TaXSiM) и моделот на Универзитетот Johns Hopkins–Tobacconomics, за да се процени влијанието на зголемените акцизи врз намалување на потрошувачката на тутун, преваленцата на пушењето, како и намалувањето на стапката на смртност и заболувања поврзани со пушењето

Од јануари 2024 година, Северна Македонија воведе нов акцизен календар, со кој специфичната акциза се зголемува за 0,23 МКД (0,0037 евра) по цигара секоја година, почнувајќи од 1 јануари до 2030 година. Ова претставува годишно зголемување од 4,6 МКД (0,074 евра) по кутија од 20 цигари. Според новиот календар, специфичната акциза на цигарите изнесува 3,453 МКД (0,055 евра) по цигара, додека ad valorem акцизата изнесува девет (9) проценти од малопродажната цена, согласно член 83 од Законот за акцизи. Конкретно, специфичната акциза по кутија од 20 цигари изнесува 69,06 МКД (1,12 евра). Доколку комбинираната акциза е помала од 3,453 денари (0,055 евра) по парче, се применува минимална акциза од 3,653 денари (0,058 евра) по парче. Истовремено, сегашното ниво на специфична акциза во Северна Македонија е 56 евра за 1.000 цигари, што е значително под минималниот стандард на ЕУ од 90 евра за 1.000 цигари. Дополнително, цените на цигарите во земјата се меѓу најниските во споредба со земјите од ЕУ и регионот, што укажува на значителен потенцијал за подобрување на акцизната политика за тутунот во Северна Македонија.

Користејќи ги тековните податоци за легалната продажба на цигари и даночната структура, извршивме симулација на даночната политика за тутун за да проектираме промени во приходите и ефектите врз јавното здравје. Нашиот модел дава прогнози до 2025-2026 година, со предложено поамбициозно сценарио за зголемување на специфичната акциза од 16% во две последователни години (2025 и 2026). Ова има за цел да го достигне минималното барање на ЕУ и да ги максимизира здравствените и фискалните придобивки. Забрзаниот акцизен план предвидува годишно зголемување од 16% на акцизата, со зголемување на цените од 12,88% и 13,15% во текот на тие години.

## *РЕЗУЛТАТИ*

- **Според сценариото за забрзана акциза, вкупниот приход од акцизите се очекува да се зголеми од 244.729.628 милиони евра во 2024 година на 304.306.236 милиони евра во 2026 година, со годишен раст од 11,56% од 2024 до 2025 и 11,46% од 2025 до 2026 година.**
- **Зголемувањето на акцизата носи значителни здравствени придобивки – помалку луѓе почнуваат да пушат, а повеќе пушачи се откажуваат или ја намалуваат потрошувачката, што доведува до намалување на смртноста поврзана со пушењето.**
- **Стратешката употреба на акцизите има двојна цел: намалување на потрошувачката на тутун (подобрување на јавното здравје) и зголемување на владините приходи, кои можат да се реинвестираат во здравствени и социјални програми.**

**Државните приходи од акцизите за тутун покажуваат значителен годишен раст.** Се очекува вкупните даночни приходи да се зголемат од 311.882.758 евра во 2024 година на 382.075.269 евра до 2026 година, со годишен раст од 10,7% за двата периоди (2024-2025 и 2025-2026). Вкупниот приход од акцизите се предвидува да се зголеми од 244.729.628 евра во 2024 година на 304.306.236 евра до 2026 година, со постојан раст од 11,56% од 2024 до 2025 и 11,46% од 2025 до 2026 година. Овој тренд укажува на постојан раст на приходите од акцизи, што ја одразува ефективноста на спроведената политика за забрзана акциза. Овој тренд на зголемување на приходите од акцизи ја одразува ефективноста на политиката за забрзано зголемување на акцизите.

**Табела 1.** Ефекти од забрзаното зголемување на акцизата на цигари врз државните приходи (ЕУР и % промена)

| Вкупни приходи и даночни приходи | 2024 | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|
| Вкупен приход од акциза (ЕУР) | 244,729,628 | 273,021,684 | 304,306,236 |
| Вкупен даночен приход (ЕУР) | 311,882,758 | 345,231,805 | 382,075,269 |
| Вкупен даночен приход (% промена) | | 10.69% | 10.67% |
| Вкупен приход од акциза (% промена) | | 11.56% | 11.46% |

*Извор: Пресметки на авторите*

**Конзистентниот пад на бројот на потрошени кутии укажува на успехот на даночната мерка во обесхрабрувањето на употребата на тутун.** Постепените процентуални промени од година во година покажуваат дека потрошувачите реагираат на поскапувањата со намалување на купувањето на тутун. Потрошувачката се намали за -3,16 проценти од 2024 до 2025 година, а потоа за -3,32 проценти од 2025 до 2026 година. Постепеното зголемување на процентуалното намалување укажува на кумулативен ефект на данокот или на засилено ограничувачко дејство со текот на времето. Конзистентниот негативен тренд на потрошувачката (и кај бројот на потрошени кутии и во процентуалната промена) ја одразува ефективноста на акцизната политика и нејзиното влијание врз однесувањето на потрошувачите.

**Слика 1.** Ефекти од забрзаното зголемување на акцизата врз потрошувачката на тутун




*Извор: Пресметки на авторите*

Влијанието на акцизата врз намалувањето на преваленцата на пушењето има двоен корисен ефект. Прво, постепено се намалува процентот на пушачи во популацијата, што може да доведе до намалување на вкупните трошоци за здравствениот систем поради намалени болести поврзани со тутунот и подобрена продуктивност поради поздравата работна сила (економски придобивки - доказите покажуваат дека поздравите работници се далеку попродуктивни). Второ, намалувањето на стапката на пушење е проектирано да спаси значителен број на животи, со проценка дека во 2025 година 2.333 лица би избегнале прерана смрт, а во 2026 година тој број би се зголемил на 2.462. Овие здравствени придобивки, зголемениот број на избегнати предвремени смртни случаи од година во година, покажуваат акумулирано влијание со текот на времето, што значително го подобрува квалитетот на животот на илјадници поединци и го намалува финансискиот и емоционалниот товар врз семејствата и заедниците.

**Табела 2.** Ефекти од забрзаното зголемување на акцизата врз преваленцата на пушење (во %) и бројот на пушачи кои избегнуваат прерана смрт

| Година | Преваленца на пушење | Број на пушачи кои избегнуваат прерана смрт |
|---|---|---|
| 2024 | 48.40% ↓ | |
| 2025 | 47.85% ↓ | -2333 ⇩ |
| 2026 | 47.28% ↓ | -2462 ⇩ |

*Извор: Пресметки на авторите*

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ДАНОЧНАТА ПОЛИТИКА ЗА ТУТУН СО ЦЕЛ УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ЗДРАВЈЕ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ФИСКАЛНИТЕ ПРИДОБИВКИ

- Зголемувањето на акцизите за тутун може значително да придонесе за подобро јавно здравје преку намалување на предвремените смртни случаи предизвикани од пушење и зголемување на државните приходи.
- Спроведувањето на повисоки акцизи за тутунот ја позиционира Северна Македонија поволно за интеграцијата во ЕУ, со исполнување на суштинските даночни прагови за тутун.
- Зајакнувањето на неценовните мерки за контрола на тутунот, како што е повторното спроведување на забраната за пушење во затворени јавни места, има позитивни ефекти врз јавното здравје. Политиките за забрана значително ја намалуваат изложеноста на пасивно пушење и веројатно ја намалуваат преваленцата на пушење со текот на времето, особено бидејќи децата гледаат помалку пушачи. Истражувањата покажуваат дека овој сеопфатен пристап кон зголемување на акцизите за тутун дополнително ги зајакнува позитивните ефекти врз јавното здравје.
- Потребно е покренување на темелни јавни и едукативни кампањи кои ќе го информираат цело население, особено младите, за опасностите по здравјето и за штетните ефекти од тутунот, со цел да се намали стапката на пушење.

*Признанија*

Овој документ е подготвен од истражувачи од тинк-тенк „Аналитика“ од С.Македонија во соработка со програмата Tobacconomics на Универзитетот Џон Хопкинс (JHU) за спроведување економско истражување за оданочувањето на тутунот во Северна Македонија. JHU е партнер на иницијативата Bloomberg Initiative to Reduce Tobacco Use. Ставовите изразени во овој документ се ставови на авторите и не ги претставуваат ставовите на JHU или Bloomberg Philanthropies.